Драги ЃОРЃИЕВ

# ИСЛАМИЗАЦИЈАТА ВО МАКЕДОНСКО - АЛБАНСКИОТ ГРАНИЧЕН ПОЈАС ВО XV И XVI ВЕК

Периодот на османлиското владеење на балканските простори е период на сложени демографски промени, кои имале силно влијание врз понатамошната историја на сите балкански народи. Една од најзначајните причини за тие промени бил процесот на исламизацијата. Во фокусот на овој прилог е следењето токму на овој процес во македонско-албанскиот граничен појас во првите два века од османлиското владеење. Во овој случај, под македонско-албански граничен појас се подразбира природно-географската граница меѓу Албанија и Македонија, која денес поминува низ три држави: Р. Македонија, Р. Албанија и Р. Грција. Притоа, процесот на исламизацијата се следи преку промените настанати во верската структура на населението на територијата на казите: Дебар, Охрид, Старова, Биглишта (Билишти), Корча (Горица) и Костур, кои во XV и XVI век се наоѓале од двете страни на овој појас. За таа цел беа користени неколку необјавени и објавени турски пописни дефтери (Tapu Tahrir defterleri) од втората половина на XV век и од XVI век, чии оригинали се чуваат во Османлискиот архив во Истанбул, а Државниот архив на Република Македонија располага со нивни копии.

Пред да преминеме на конкретните статистички податоци што ги нудат споменатите дефтери, потребно е да напоменеме дека исламизираните лица, покрај јасните случаи кога носат муслиманско лично име и христијански патроним или, пак, кога е објаснето дека станува збор за „нов муслиман", можеме да ги препознаеме единствено по патронимот „Абдулах" (што значи „роб божји"), односно по синтагмата „бин Абдулах", што значи „син на Абдулах". Патронимот „Абдулах", всушност, се додавал на името на новиот муслиман и го заменувал христијанското име на неговиот татко, чие спомнување се настојувало да се избегне. Се разбира, ваквото идентификување на исламизираните христијани не може да го даде нивниот точен број од најмалку две причини. Прво, кај лицата со патронимот „Абдулах" никогаш не можеме да бидеме сигурни дека тоа не е вистинското име на неговиот татко, односно дека не станува збор за вистински муслиман. Значи, не мора зад секое лице со патроним „Абдулах" да се крие конвертит, што би значело намалување на резултатите. Второ, при ваквиот начин на броење на исламизираните се дознава само бројот на директните конвертити, односно само на оние што директно го доживеале чинот на исламизирањето. Муслиманите, чии татковци преми-

нале во ислам само една генерација порано со ништо не се разликуваат од вистинските муслимани, така што не е можно да бидат откриени. Тоа значи дека бројот на исламизираните секогаш е поголем од оној број што го даваат лицата со патроним „Абдулах". Во секој случај, поради немањето други извори и можности да се откријат вистинските размери на исламизацијата, останува да се потпреме на наведениот начин, кој колку и да е несовршен, сепак, нуди резултати што се многу индикативни и интересни.

Прв заклучок што се наметнува од користените извори е тоа дека, без разлика на радикалните промени настанати по освојувањето, сé до средината на XVI век исламизацијата на разгледуваната територија била со многу слаб интензитет. Тоа особено важи за XV век. Доволен илустратор за тоа се пописите за двете кази од овој појас, Дебарската и Костурската[1], за кои имаме податоци за наведеното столетие. Имено, според споменатите пописи во периодот меѓу 1440 и 1467 г. во овие две кази живееле вкупно 4.915 семејства и речиси сите биле христијани. Во првата од нив, освен тимариотите-спахии и тимариотите-чувари на тврдината Коџаџик, нема муслимани. Сите жители регистрирани во селата биле христијани. Што се однесува до исламизацијата, сред тимариотите-муслимани постојат само неколку примери на исламизирани христијани. Таков е случајот со Јакуб, нов муслиман, оној „што го фатил предавникот Мојсо"[2], кој во вилаетот Горни Дебар имал тимар од две села. Очигледно овде станува збор за лице што учествувало во задушувањето на Скендербеговото востание на страната на османлиите и кое за тоа било соодветно наградено. Исто така, имало лица кои поттикнати, пред сé, од економски интереси, односно здобивање со земјишни поседи, преминале во ислам. Таков е примерот со лицето Арнаут Хамза, во чиј тимар влегувале две села од вилаетот Долго (Голо) Брдо, а како конвертити може да се сметаат и тимариотите: Исмаил Дибра (Дебарчанецот), јаничарот Али и Ибрахим Дибра.[3] Овие многу ретки примери на исламизирани лица во Дебарската каза покажуваат дека процесот на исламизацијата на овој простор во втората половина од XV век речиси и не бил започнат.

Истото важи и за Костурската каза. Во неа се регистрирани само 22 муслимански семејства, и тоа сите како жители на градот Костур[4]. Нивните имиња не дозволуваат да се претпостави дека меѓу нив има исламизирани христијани. Во селата на оваа каза, освен поседниците на тимари, односно феудалците, не е регистриран ниту еден муслиман[5].

За останатите кази во овој пограничен појас немаме податоци за XV век. Меѓутоа, судејќи според бројот на муслиманите во нив во почетокот на XVI век, сигурно е дека нивната верска структура во втората половина на XV век

---

[1] За Дебарската каза користен е дефтерот: Малиеден mwdevver defteri но. 508, од 1466/67 г.; за Костурската каза: Тапу Тахрир дефтери но. 237 од пред 1460 г.

[2] „Yakub, Müsliman-i nev, Moysa adlu haini tutan dir". (Maliyeden mudevver, no 508, c. 40).

[3] Оп. цит., 73-75, 102. Детално со демографската состојба во Дебарската каза види: Александар Стојановски, Демографските промени во Дебарската каза (15-16 век), Гласник на Институтот за национална историја, год. 45, бр. 1, Скопје, 2001, 69 - 85.

[4] Tapu Tahrir defteri no. 237, c. 88.

[5] Op. cit., 89 - 147; 173-188.

била идентична со претходните две кази, односно дека биле населени исклучиво со христијанско население. Значи, во XV век процесот на исламизацијата во овој граничен појас бил речиси на својот почеток.

Извесно зголемување на муслиманското население се забележува во периодот меѓу 1520-1540 година. Според користените дефтери од тој период[6], вкупниот број на населението во пограничниот македонско-албански појас во овој временски период изнесувал 36.847 семејства. Од нив, 36.118 биле христијански, а 729 муслимански, или изразено во проценти 98% биле христијани, а само 2% биле муслимани. Последниве сега биле присутни во сите кази. Во Дебарската каза, во која во 1466/67 година, освен феудалците, немаше муслимани, сега се регистрирани 103 муслимански семејства, а во Костурската каза бројот на муслиманските семејства од 22 пораснал на 150 семејства. Во другите кази бројот на муслиманските семејства изгледал вака: Охрид - 102 семејства; Старова - 8 семејства; Корча - 236 семејства и Биглишта - 130 семејства. Со оглед на тоа што овде станува збор за сумарни пописни дефтери, во кои не се дадени личните имиња на попишаните лица, не може да се дознае дали кај муслиманите станува збор за исламизирани христијани. Меѓутоа, со голема сигурност може да се претпостави дека случајот е таков затоа што покрај муслиманите - жители на градовите, сега има муслимани и во христијанските села, и тоа најчесто по 2 до 3 семејства. Тоа ја исклучува можноста нивната појава во селата да била резултат на некаква колонизација на нов муслиманско-турски етнички елемент. Евентуалниот нов механички прилив би иницирал формирање на нови чисто муслимански населби со муслимански називи. Меѓутоа, вакви населби во споменатите кази не се регистрирани. Ниту, пак, во историските извори има потврда за некое поголемо механичко доселување на муслимани на оваа територија.

Имајќи ги предвид горенаведените бројки и проценти, очигледно е дека населението во пограничниот македонско - албански појас сѐ до средината на XVI век останало хомогено и речиси целосно ѝ припаѓало на христијанската заедница. Ова уште повеќе ако се знае дека муслиманите во најголем дел биле концентрирани во градовите. Само во Дебар, Охрид, Струга и Костур живееле 275 муслимански семејства, што претставува близу 40% од вкупниот број муслимани. Значи, исламизацијата во овој период сѐ уште била на својот почеток, меѓутоа веќе во наредните децении состојбите се променија.

Во периодот меѓу 1568/69-1583 година бројот на населението на оваа територија, според пописните дефтери, изнесувал 29.317 семејства, од кои христијаните биле 24.880, а муслиманите 4.437 семејства[7]. Изразено во проценти, христијаните биле 84,9 % од вкупното население, додека кај муслиманите тој процент изнесувал околу 15,1. Значи, за период од помалку од половина век учеството на христијаните во вкупниот број население опаднало за 13,1%, а за исто толку про-

[6] За казите Дебар и Охрид користен е дефтерот: Tapu Tahrir defteri no. 367 (1536-1539 г.), с. 368-381; 392-400; за Старова: Tapu tahrir defteri no. 81 (1536-39 г.), с. 36-51; За Костур, Корча и Биглишта: Maliye mudevver no. 70 (1519 г.), с. 197-217; 245-285.

[7] Податоците за казите Дебар, Охрид, и Старова се црпени од: Турски документи за историјата на македонскиот народ (понатаму: ТДИМН). Опширен пописен дефтер на Охридскиот санџак од 1583 година, том VIII, книга 1 и книга 2. Превод, редакција и коментар д-р Александар Стојановски,

центи се зголемило учеството на муслиманите, што, повторно, во најголем дел, било резултат на процесот на исламизацијата, затоа што во соодветниот период нема ниту механички прилив на муслиманско население, ниту пак ова енормно зголемување на бројот на муслиманите за повеќе од 6 пати може да се објасни со природниот прираст на постојните муслимани. Многу илустративно тоа го покажува бројот на исламизираните среде вкупниот број муслимани. Имено, бројот на исламизираните што можат да се препознаат во вкупниот број муслимани изнесувал 1.892 семејства, што претставува 42,6% од вкупниот број муслимани. Овој процент е сигурно уште поголем доколку се знае дека овде станува збор само за христијаните што директно го доживеале чинот на исламизирање, додека нивните претходници остануваат „скриени". Фактот дека зголемувањето на бројот на муслиманите во овој појас е речиси исклучиво резултат на исламизацијата ќе го потврдиме со неколку многу илустративни примери. Особено впечатлив е примерот со селото Жировница, во дебарската нахија Река. Во 1536-39 година ова село имало само 3 муслимански семејства, а во 1583 - 69 семејства. Од нив сигурно биле исламизирани 44 семејства, затоа што како патроним тие го носат татковото христијанско име[8]. Ваквите села се повеќебројни во западниот дел на Дебарската каза, особено во нахијата Долни Дебар. Ќе ги споменеме селата: Дарда, во кое во 1536-39 година немало муслимани, а во 1583 нивниот број изнесувал 44 семејства; Лузнија, каде што во 1536-39 година исто така немало муслимани, за во 1583 година да има дури 39 муслимански семејства; како и селото Слатина, во кое бројот на муслиманите од 2 семејства во 1536-39 година пораснал на 34 во 1583 година.[9] Во сите овие случаи исламизираните како патроним ги носат татковските христијански имиња.

Вакви примери има и во казата Старова, каде што исламизацијата била особено масовна. И овде е карактеристично задржувањето на татковото христијанско име. Во тој поглед, извонредни примери се селата: Оснад, каде што од вкупно 48 регистрирани муслимани, 42 имаат христијански патроним; селото Чернова, во кое од 13 муслимани, 11-мина носат христијански патроним, како и селото Затлан, каде што сите петмина регистрирани муслимани се со христијански патроними: Али Димитри, Касим Петко, Хусеин Стојко, Хасан Димитри и Сулејман Ѓерг[10]. Исто така, многу карактеристични примери за целосна исламизација се селата Мамел, Черешник и Какач, кои во 1536-39 година немале муслимански семејства, а во 1583 немаат христијански семејства.[11]

За разлика од казата Старова, во пописот на населението во другите кази, како на пример Костур, Корча и Биглишта, на новите муслимани наместо татковото христијанско име, најчесто им е додаван патронимот „Абдулах". Така, на пример, во корчанското село Моглица сите регистрирани муслимани

---

Скопје, 2000; за казата Костур: ТДИМН. Опширен пописен дефтер за казите Костур, Серфиџе и Велес од 1568/69 година, том VII, книга 2. Превод, редакција и коментар д-р Александар Стојановски и м-р Драги Ѓоргиев, Скопје, 1999, 13 - 186; за казите Корча и Биглишта: ТДИМН. Опширен пописен дефтер за казите Горица, Биглишта и Хрупишта од 1568/69 година, том VII, книга 1. Превод, редакција и коментар д-р Александар Стојановски, Скопје, 1997, 15 - 164.

[8] ТДИМН. Опширен пописен дефтер на Охридскиот санџак од 1583 година, том VIII, книга 1, 640-42.

[9] Op. cit., 513-518; 502-503; 547.

[10] Op. cit., 272-273; 285, 320.

[11] Op. cit. 333; 338-339; 342.

го носат патронимот „Абдулах"; во селото Борово, во истата каза, од 10 муслимани, седуммина се со презимето Абдулах[12]. Вакви примери има и во казата Биглишта. Во селото Битинцка, на пример, од 9 муслимански семејства, 8 се со патронимот "Абдулах"; или, пак, во селото Поповиќ (?), од 6 муслимански семејства, пет го носат презимето „Абдулах"[13]. Присутноста на вакви примери во селата по должината на целиот македонско-албански граничен појас е голема, што потврдува дека помасовната исламизација на овој простор започнала да се одвива во втората половина од XVI век.

Внимателната анализа на турските пописни дефтери во врска со исламизацијата упатува на уште еден интересен заклучок. Имено, статистичките податоци овозможуваат да се забележи дека процесот на исламизацијата во разгледуваната област најпрвин започнал и побрзо се ширел на територијата на Албанија и среде албанското население, додека нејзиното ширење на македонска територија и среде македонското словенско население се одвивало побавно. Примери за тоа се нахијата Долни Дебар во Дебарска каза, нахиите Гора и Мокра во казата Старова, како и казите Корча и Биглишта, кои во најголем дел се простирале на албанска територија и биле населени претежно со албанско население. Токму во овие нахии бројот на муслиманите најмногу се зголемил. Така, во 1536-39 година во нахијата Долни Дебар бројот на муслиманските семејства изнесувал само 24, а во 1583 дури 697 семејства; во нахијата Гора во 1536-39 година имало регистрирано само 2 муслимански семејства, а во 1583 - 518; а во нахијата Мокра од 6 муслимански семејства во 1536-39, нивниот број во 1583 година пораснал на 150. Дека ова зголемување било резултат на исламизацијата потврдува и високиот процент на исламизираните среде муслиманското население: во нахијата Долни Дебар, во 1583 година тој процент изнесувал фантастични 66,3%; во нахијата Гора: 55,7%, а во нахијата Мокра - 56,9%.

И во казите Корча и Биглишта, чии територии се простирале на албанска територија, бројот на муслиманите драстично пораснал. Во првата: од 236 семејства во 1536-39 година на 983 во 1568/69, додека во втората од 130 семејства во 1536-39, на 884 во 1568/69 година. Процентот на исламизираните во овие две кази изнесувал 35,1% во Корча, односно 31% во Биглишта.

Во споредба со нив, во исто време, на пример, во нахиите Преспа и Дебарца од казата Охрид, потоа во нахијата Жупа од Дебарската каза, како и во казата Костур, кои се простирале на територијата на Македонија и биле претежно населени со македонско словенско население, ширењето на исламот било многу послабо. Така, во 1536-39 година во нахијата Преспа немало муслимани, а во 1583 се регистрирани 23 муслимански семејства; во нахијата Дебарца во првата половина од XVI век исто така немало муслимани, а во 1583 година имало само 8 семејства; во нахијата Жупа во 1536-39 година имало 2, а во 1583 - 29 муслимански семејства. Ист е случајот и со Костурската каза, во која во 1568/69 година имало вкупно 179 муслимански семејства, што

[12] ТДИМН. Опширен пописен дефтер за казите Горица, Биглишта и Хрупиште од 1568/69 година, том VII, книга 1, 51, 184.

[13] Op. cit., 269, 356.

во однос на 150-те муслимански семејства од 1519 година значи минимално зголемување од само 29 семејства. Нешто позасилена исламизација на територијата на Македонија има во дебарските нахии: Река - од 12 на 146 муслимански семејства, и Горни Дебар - од 63 на 256 семејства, како и во Охридската нахија (која зафаќала мал дел и од албанска територија!) од 102 на 431 муслиманско семејство, од кои 239 биле жители на Охрид! Сепак, ова злемување е многу помало во споредба со процентот на зголемувањето на муслиманското население на албанската страна од граничната линија. Во секој случај, во втората половина на XVI век процесот на исламизацијата веќе зел поширок замав и неговото присуство на овие простори ќе трае речиси до крајот на османлиското владеење.

И покрај масовното прифаќање на исламот на оваа територија во многу краток период, користените извори не оставаат простор да се зборува за некоја насилна и систематски организирана исламизација од страна на државата. Прифаќањето на исламот од христијанското население во најголем број случаи било доброволно. Во врска со тоа, овде повторно може да се спомене реканското село Жировница. Имено, името на прворегистрираниот муслиман во пописот на ова село од 1583 година гласи: Мустафа Жупан. Овој назив упатува на претпоставката дека ова лице или било старешина на селото или, пак, било влијателна личност, чија исламизација влијаела врз другите христијани од селото да го прифатат исламот. Овој случај укажува само на еден од можните различни начини, преку кои исламот се ширел во овие краеви во втората половина од XVI век.

Се разбира, употребата на сила не може да биде исклучена во некои поединечни случаеви, меѓутоа, за масовно насилно исламизирање во македонско-албанскиот граничен појас не може да се зборува. Единствено, како индиректен притисок може да се смета економскиот притисок врз христијанската раја од аспект на повисоките даноци и обврски кон државата. Во овој контекст може да се спомене и толерирањето на преминувањето на баштините, традиционални христијански земјишни поседи, од христијански во муслимански раце. Според пописите, во периодот 1568/69-1583 година процентот на баштините во рацете на муслиманите изнесувал 23,2. Имено, од вкупно 2.900 баштини, 2.206 останале во рацете на христијаните или биле во колективен посед на селата; 442 баштини од христијански преминале во муслимански раце; 233 баштини од муслимани повторно преминале во посед на муслимани, а само 19 баштини од муслимани им биле вратени на христијани. Незаинтересираноста на државата овие поседи да бидат вратени во рацете на христијаните може да се смета како посредна поддршка на конвертирањето на христијаните во исламот.

Користените извори, исто така, потврдуваат дека процесот на исламизацијата и на овие простори, како и насекаде на Балканот, не одел ниту брзо ниту едноставно. Тој поминувал низ повеќе етапи, од кои најдолга и најинтересна, секако, била етапата на двоверство, или на криптохристијанство, во која новите муслимани настојувале да ги сочуваат врските со својата стара вера. Тоа понекогаш траело со генерации, а христијанските елементи долго време биле присутни во исповедувањето на новата вера кај новите муслимани. Преоѓањето во новата вера многу повеќе претставувало прашање на практичност отколку на верување.